**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24), се доставува


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 02.05.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 2162/1 | | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување

2. **Субјект на надзорот**: Телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот**: 25 април 2024 година

4. **Датум на извршување на надзорот**: 2 мај 2024 година

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик** („За време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат вкупно девет минути и триесет секунди дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови можат да одвојат најмногу четири минути кои се распределуваат по претходен писмен договор, за двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови можат да одвојат најмногу четири минути кои се распределуваат по претходен писмен договор, за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група можат да одвојат една минута која се распределува по претходен писмен договор и за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија или кандидати можат да одвојат триесет секунди кои се распределуваат по претходен писмен договор.“)

   - **Точка 5 од Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024** (Пречистен текст) број 01-2071/1 од 26 април 2024 година („5. За време на изборната кампања за Претседателските избори, во вториот круг на гласање, радиодифузерите може да емитуваат вкупно осум минути (00:08:00) дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои најмногу четири минути (00:04:00) за подносителот на листа/кандидатот за претседател – Стево Пендаровски, поддржан од политичката партија СДСМ, и најмногу четири минути (00:04:00) за подносителката на листа/кандидатката за претседател – Гордана Силјановска-Давкова, поддржана од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ.“)

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, телевизија на државно ниво преку оператор на дигитален терестријален мултиплекс, на 25 април 2024 година, за време на вториот круг од Претседателските избори 2024, **констатирано е прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик**.

Имено, спротивно на членот 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, ТВ Алфа на 25 април во пет реални часови емитувана програма (8-9 часот, 9-10 часот, 10-11 часот, 11-12 часот и 12-13 часот) емитуваше повеќе од 4 минути платено политичко рекламирање за кандидатката за претседател – Гордана Силјановска Давкова, поддржана од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ.

| Период на емитување на рекламирањето | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 08:27:01 - 08:28:33 | 00:01:32 | Гордана Силјановска Давкова |
| 08:28:39 - 08:29:54 | 00:01:15 | |
| 08:30:00 - 08:30:58 | 00:00:58 | |
| 08:31:03 - 08:31:17 | 00:00:14 | |
| 08:31:22 - 08:31:48 | 00:00:26 | |
| 08:31:55 - 08:32:09 | 00:00:14 | |
| **Вкупно:** | **00:04:39** | |

| Период на емитување на рекламирањето | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 09:08:16 - 09:09:14 | 00:00:58 | Гордана Силјановска Давкова |
| 09:09:19 - 09:10:51 | 00:01:32 | |
| 09:10:57 - 09:12:01 | 00:01:04 | |
| 09:12:06 - 09:12:20 | 00:00:14 | |
| 09:12:25 - 09:13:10 | 00:00:44 | |
| **Вкупно:** | **00:04:32** | |

| Период на емитување на рекламирањето | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 10:13:19 - 10:13:40 | 00:00:21 | Гордана Силјановска Давкова |
| 10:13:46 - 10:14:44 | 00:00:58 | |
| 10:14:49 - 10:15:15 | 00:00:26 | |
| 10:15:21 - 10:16:48 | 00:01:27 | |
| 10:16:53 - 10:18:08 | 00:01:15 | |
| **Вкупно:** | **00:04:27** | |

| Период на емитување на рекламирањето | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 11:09:54 - 11:11:26 | 00:01:32 | Гордана Силјановска Давкова |
| 11:11:31 - 11:12:46 | 00:01:15 | |
| 11:12:53 - 11:14:20 | 00:01:27 | |
| **Вкупно:** | **00:04:14** | |

| Период на емитување на рекламирањето | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 12:08:51 - 12:10:18 | 00:01:27 | Гордана Силјановска Давкова |
| 12:10:24 - 12:10:50 | 00:00:26 | |
| 12:10:56 - 12:12:00 | 00:01:04 | |
| 12:12:05 - 12:13:37 | 00:01:32 | |
| **Вкупно:** | **00:04:29** | |

**7. Опис на прекршувањето:**

Спротивно на одредбите од член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, телевизија на државно ниво преку оператор на дигитален терестријален мултиплекс, на 25 април 2024 година, за време на вториот круг од Претседателските избори 2024, во реалните часови емитувана програма од 8 до 9 часот, од 9 до 10 часот, од 10 до 11 часот, од 11 до 12 часот и од 12 до 13 часот, емитуваше повеќе од 4 минути платено политичко рекламирање за кандидатката за претседател – Гордана Силјановска Давкова, поддржана од политичката партија во опозиција - ВМРО-ДПМНЕ.

**8. Предлог-мерка:**

Согласно член 76-в став 3 од Изборниот законик, Советот на Агенцијата да покрене прекршочна постапка пред надлежен суд против Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје.

***Сектор за програмски работи***